**О П Ш Т И Н А  Д Е Л Ч Е В О**
**Градоначалник**
**Ул:,,М.М.Брицо,, бр. 40, Делчево**
**тел: 033/413-521    факс: 033/411 550**
**Е-маил:опдеЖсонет.цом.мк**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 7**
**17.10.2011 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**

**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**

**Одделение за човечки ресурси, правни и општи работи**

**Октомври, 2011**
**Делчево**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 17.10.2011 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За објавување акти од 26.седница**
**На Советот на Општина Делчево**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на својата 26.редовна седница која се одржа на ден 14.10.2011 година и тоа:

1. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2011 година;
2. Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М. М. Брицо„
3. Одлука за доделување на студентски стипендии;
4. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2010-2011 година;
6. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУДГ „Весели Цветови" за 2011-2012 година;
7. Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работата на ООУ „Св. Климент Охридски" за учебната 2010-2011 година;
8. Заклучок за усвојување на Годишната програма на ООУ „Св. Климент Охридски" за учебната 2010-2011 година;
9. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работата на СОУ „М.М.Брицо" за учебната 2011-2012 година;
10. Одлука за утврдување на нацрт ДУП за У.Е. 3, дел од Блок 3.1. во општина Делчево;
11.Одлука за утврдување на нацрт ДУП за У.Е. 3, дел од Блок 3.2. од ГУП Делчево-Општина Делчево- измена и дополнување;
12. Предлог – Одлука за утврдување на нацрт ДУП за У.Е. 2, дел од Блок 2.1. дел од локалитетот „Сервисна зона"- Општина Делчево;
13.Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место на к.п. бр.933 и к.п. бр.934 КО Стамер, м.в. Долни Гробишта – Делчево за Стопански комплекс – магацин за сточна храна, вештачки ѓубрива и земјоделска механизација;
14. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на ООУ „В. Прке" за учебната 2011/2012 година;
15. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движна ствар товарно моторно возило.

II. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-2110/1** | **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**17.10.2011 год.** | **Градоначалник,**
**Д е л ч е в о** | **Горан Малешевски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.05/2002) и член 143 од Деловникот на Советот на општина Делчево („Сл.Гласник на Општина Делчево" бр.16/2006), Советот на општина Делчево на својата 26. седница одржана на ден 14.10. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на одлични ученици**
**во СОУ „М.М.Брицо", Делчево**

Член 1

Се донесува Одлука за доделување на 10(десет) стипендии на ученици од СОУ „М.М.Брицо", Делчево во учебната 2011/2012 година.

Член 2

Стипендиите ќе се доделуваат на:

- ученици од II, III и IV година со континуиран просечен одличен успех (5.00)
- ученици чии родители се невработени, со ниски месечни примања или пак социјални случаи

Член 3

Износот на месечната стипендија е 1000 денари/ученик и учениците истата ќе ја добиваат месечно за период од 9(девет) месеци во текот на учебната 2011/2012 година, со право на продолжување на користењето на истата(за учениците од II и III година), доколку ги исполнуваат критериумите.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево.

Член 4

Изборот на учениците кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и СОУ „М.М.Брицо", Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево".

**Бр.07-2096/1**
**14.10.2011**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.05/2002) и член 143 од Деловникот на Советот на општина Делчево („Сл.Гласник на Општина Делчево" бр.16/2006), Советот на општина Делчево на својата 26. седница одржана на ден 14.10.2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на студентски стипендии**

Член 1

Се донесува Одлука за доделување на 10(десет) стипендии на редовни студенти од Делчево кои студираат на универзитетите во Република Македонија во студиската 2011/2012 година

Член 2

Стипендиите ќе се доделуваат на:

- Редовни студенти во сите студиски години освен I(прва), со континуиран просечен успех над 8.00
- студенти чии родители се невработени, со ниски месечни примања или пак социјални случаи

Член 3

Износот на месечната стипендија е 2000 денари/студент и студентите истата ќе ја добиваат месечно за период од 9(девет) месеци во текот на студиската 2011/2012 година, со право на продолжување на користењето на истата, доколку ги исполнуваат критериумите.

Средствата ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Делчево.

Член 4

Изборот на студенти кои ќе добиваат стипендија ќе се врши од страна на заедничка комисија составена од претставници на општина Делчево и Советот на општина Делчево, која ќе ги утврди критериумите и ќе распише Конкурс за доделување на стипендии.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Делчево".

**Бр.07-2097/1**
**14.10. 2011**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови"**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се извојува Годишниот Извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за учебната 2010/2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2098/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишната програма**
**за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови"**
**за учебната 2011/2012 година**

1. Се извојува Годишната програма за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови" за учебната 2011/2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2099/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишниот извештај**
**за работата на ООУ „Св. Климент Охридски"**
**за учебната 2010/2011 година**

1. Се извојува Годишниот Извештај за работата на ООУ „Св. Климент Охридски" за учебната 2010/2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2100/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10.2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишната програма**
**за работата на ООУ „Св. Климент Охридски"**
**за учебната 2011/2012 година**

1. Се извојува Годишната програма за работата на ООУ „Св. Климент Охридски" за учебната 2011/2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2101/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10.2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишната програма**
**за работата на СОУ „Методи Митевски Брицо"**
**за учебната 2011/2012 година**

1. Се извојува Годишната програма за работата на СОУ „Методи Митевски Брицо" за учебната 2011/2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2102/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 24 став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/05;138/07;91/09;124/10 и18/ 11 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.1 локалитет ,,5-ти реон,,- во Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се утврдува **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.1 локалитет ,,5-ти реон,,- - во Општина Делчево**

Урбанистичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Генерлниот урбанистички план на град Делчево , Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2011 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите .

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.1 локалитет ,,5-ти реон,,- во Општина Делчево** е со површина од 8,6 ха

**Член 3**

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- север (од исток кон запад) : граница на планот се движи по северните граници на к.п. бр. 6061, к.п.бр. 6062, к.п.бр. 6008 и по осовина на локален пат -7 ( Делчево -с.Бигла-с.Турија) до ендек (к.п.бр.8980/)

- исток (од југ кон север) : границата продолжува по источните граници на к.п.бр.6233; к.п.бр. 6231; к.п.бр. 6229/1; к.п.бр. 6229/2; к.п.бр. 607; к.п.бр. 6062/2 и к.п.бр.6061

- југ (од исток кон запад) границата продолжува по јужните граници: к.п.бр. 6231; к.п.бр. 6233 ; к.п.бр.3090 ; к.п.бр. 3089 до спој со осовина на регионален пат - Р522 (Делчево - Голак) , к.п.бр.3080/1 до ендек (к.п.бр.5041

- запад (од југ кон север) по западните граници на: к.п.бр.3080/1; к.п.бр.6101 ;к.п.бр. 6100; к.п.бр.6068 до осовина на локален пат -7 ( Делчево -с.Бигла-с.Турија)

**Член 4**

Детален урбанистички план на **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.1 - во Општина Делчево** е со површина од 8,6 ха и изработен од страна на а.д. за Урбанизам,проектирање и инжењеринг ,, ЗУМ,, Скопје и изготвен во два дела:

А) Документациона основа

Б) Планска документација

Подрачјето на опфатот претставува Урбана единица 3 дел од блок 3.1, поделена на 8 урбани дела .

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно намените во Генерален урбанистички план за град Делчево од 2008 год.

Во планот се предвидени следните намени:

| | |
|---|---|
| А1- домување во станбени куки | 0,52 ха |
| Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија | 1,20 ха |
| Д4- Верски објекти со гробишта | 5,56 ха |
| Е1 - Сообраќај | 1,25 ха |

Со планот се одредени:

- облик и големина на површина за градба (м2)
- регулациона линија
- градежна линија
- максимална површина за градба (м2)
- процент на изграденост (%)
- коефициент на искористеност ( к)
- намена на површини
- макс. висина (м1)
- потребен број на паркинг места

- други потребни параметри потребни за спроведување на планот

**Член 5**

Нацрт Деталниот урбанистички план содржи:

А) Документациона основа

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел за

Б) Планска документација

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел

**Член 6**

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 7**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулативарбансистичкиот план се заверува со печат на Совето на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 8**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07 – 2103/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10.2011 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 24 став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/05;138/07;91/09;124/10 и18/ 11 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден .14.10.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.2 од ГУП Делчево - Општина Делчево - измена и дополнување**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се утврдува **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.2 од ГУП Делчево - Општина Делчево - измена и дополнување**

Урбаниистичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Генерлниот урбанистички план на град Делчево , Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2011 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите .

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.2 од ГУП Делчево - Општина Делчево - измена и дополнување** е со површина од 0,94 ха

**Член 3**

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- југ - осовина на ул.,, МХ Јасмин,,(крак1) од спој со ул. М Тито,, до спој со новопредвидена крстосница со ул,, Острец,,

- запад-осовина на ул,, МХ Јасмин,, од спој со новопредвидена крстосница со ул,, Острец,, до спој со новопроектирана улица 1

- север- осовина на новопроектирана улица до спој со ул,, М Тито,, - ( пат Делчево -Голак)

- запад - спој на новопредвидена улица 1 до спој со ул. ,,МХ Јасмин,, (крак1) со ул. ,, М Тито ,, и ул.,, Индустриска,,

**Член 4**

Детален урбанистички план на **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 3, дел од блок 3.2 од ГУП Делчево - Општина Делчево - измена и дополнување** е со површина од 0,94 ха и изработен од страна на дооел ,, ВЕКТОР,, Куманово и изготвен во два дела:

А) Документациона основа

Б) Планска документација

Подрачјето на опфатот претставува Урбана единица 3 дел од блок 3.2, и претставува една градежна парцела.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно намените во Генерален урбанистички план за град Делчево

Во планот се предвидени следните намени:

В- основна класа на намена - ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В2- здравство и социјална заштита (детска градинка со 20% компатибилна намена Д3)

Со планот се одредени:

- облик и големина на површина за градба (м2)

- регулациона линија

- градежна линија

- максимална површина за градба (м2)

- процент на изграденост (%)

- коефициент на искористеност ( к)
- намена на површини
- макс. висина (м1)
- потребен број на паркинг места
- други потребни параметри потребни за спроведување на планот.

**Член 5**

Нацрт Деталниот урбанистички план содржи:

А) Документациона основа

- текстуален дел
- графички приказ

Б) Планска документација

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел за постоечкиот плански опфат

**Член 6**

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 7**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулативарбансистичкиот план се заверува со печат на Совето на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 8**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07 – 2104/1**
**14.10.2011 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 24 став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/05;138/07;91/09;124/10 и18/ 11 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10.2011 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 дел од локалитет Сервисна зона - Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се утврдува **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 дел од локалитет Сервисна зона - Општина Делчево**

Урбанстичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Генерлниот урбанистички план на град Делчево , Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2011 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите .

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 дел од локалитет Сервисна зона - Општина Делчево** е со површина од 5.56 ха

**Член 3**

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- северозапад: дел од јужна меѓа на к.п. бр. 6017

- североисток : осовина на новопланирана улица бр.1

- југ : осовина на улица ,, Индустриска,,

- југоисток : осовина на новопланирана улица 3

**Член 4**

Детален урбанистички план на **Нацрт - Детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од блок 2,1 дел од локалитет Сервисна зона - Општина Делчево** е со површина 5,56 ха и изработен од страна на доо Институт за Урбанизам,сообракај и екологија ,, ИН-ПУМА,, Скопје и изготвен во два дела:

А) Документациона основа

Б) Планска документација

Подрачјето на опфатот претставува **урбана единица 2, дел од блок 2,1** е поделена на 2 урбани блока .

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно намените во Генерален урбанистички план за град Делчево.

Во планот се предвидени следните намени:

Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија

Г3 - сервиси

Г4- стоваришта
Б1- мали комерцијални и деловни дејности

Со планот се одредени:

- облик и големина на површина за градба (м2)
- регулациона линија
- градежна линија
- максимална површина за градба (м2)
- процент на изграденост (%)
- коефициент на искористеност ( к)
- намена на површини
- макс. висина (м1)
- потребен број на паркинг места
- други потребни параметри потребни за спроведување на планот

**Член 5**

Нацрт Деталниот урбанистички план содржи:

А) Документациона основа

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел за

Б) Планска документација

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел

**Член 6**

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Совето на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 7**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулативарбансистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 8**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07 – 2105/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10.2011 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николче Трајановски,с.р.**

Врз основа на член 24 став 2 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/05;138/07;91/09;124/10 и18/ 11 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 14.10.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на Нацрт - Урбанистички план вон населено место на к.п. бр. 933 и к.п. бр. 934 к.о. Стамер м.в. Долни Гробишта - Делчево за СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС -магацин за сточна храна,вештачки ѓубрива и земјоделска механизација**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се утврдува **Нацрт - Урбанистички план вон населено место на к.п. бр. 933 и к.п. бр. 934 к.о. Стамер м.в. Долни Гробишта - Делчево за СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС -магацин за сточна храна,вештачки ѓубрива и земјоделска механизација**

Урбанстичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Просторен план на РМ, Закон за просторно и урбанистичко планирање, Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Делчево за 2011 година, Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите .

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Одлука за утврдување на **Нацрт - Урбанистички план вон населено место на к.п. бр. 933 и к.п. бр. 934 к.о. Стамер м.в. Долни Гробишта - Делчево за СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС -магацин за сточна храна,вештачки ѓубрива и земјоделска механизација** е со површина од 5178 м2

**Член 3**

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

- исток граничи со магистрален пат(М-5) Делчево - Берово
- запад граничи со дел од к.п. бр. 932 и дел к.п. бр. 937
- на север граничи со к.п. бр.935 и к.п. бр.936
- на југ граничи со к.п. бр.930 и к.п. бр.931

**Член 4**

Детален урбанистички план на **Нацрт - Урбанистички план вон населено место на к.п. бр. 933 и к.п. бр. 934 к.о. Стамер м.в. Долни Гробишта - Делчево за СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС -магацин за сточна храна,вештачки ѓубрива и земјоделска механизација** е со површина 5178 м2 и изработен од страна на дооел ,,Планерис,, Куманово и изготвен во два дела:

А) Документациона основа

Б) Планска документација

Подрачјето на опфатот претставува **една градежна парцела**

Во рамките на овој локалитет предвидени се следните намени:

Е1- комунална инфрструктура

Е2-комунална супратсруктура

Д2- заштитен појас

Г4- стоваришта

*Б1;Б2;Б4 и Г3 - компатибилни намени со 30% учество во основна намена*

Со планот се одредени:

- облик и големина на површина за градба (м2)
- регулациона линија
- градежна линија
- максимална површина за градба (м2)
- процент на изграденост (%)
- коефициент на искористеност ( к)
- намена на површини
- макс. висина (м1)
- потребен број на паркинг места
- други потребни параметри потребни за спроведување на планот

**Член 5**

Нацрт Деталниот урбанистички план содржи:

А) Документациона основа

- текстуален дел
- графички приказ
- нумерички дел за

Б) Планска документација

- текстуален дел
- графички приказ

- нумерички дел

**Член 6**

Урбанистичкиот план се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 7**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулативарбансистичкиот план се заверува со печат на Совето на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 8**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина

**Член 9**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 07 – 2106/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10.2011 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 14.10. 2011 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишната програма**
**за работата на ООУ „Ванчо Прке"**
**за учебната 2011/2012 година**

1. Се извојува Годишната програма за работата на ООУ „Ванчо Прке" за учебната 2011/2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 07-2107/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10. 2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), а согласно Договорот за давање на трајно користење на движна ствар бр. 08-1658/1 од 08.08.2011, склучен помеѓу Министерството за локална самоуправа, претставувана од министерот Невзат Бејта и Општина Делчево, претставувана од градоначалникот Горан Малешевски, Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 14.10. 2011 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за пренесување на правото на сопственост на движна ствар товарно моторно возило**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Делчево го пренесува правото на сопственост на ЈПКД „Брегалница" – Делчево, на товарното моторно возило, марка MAN, тип 8.136 F.36, со број на шасија WVM561M900G038355, број на мотор D0226MF06154695172361 и регистарски таблички ST 973-MM.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево" – Делчево.

**Број 07-2108/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.10.2011 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Николче Трајановски, с.р.**